Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 16, точка 5, член 23 и член 73 од Статутот на Општина Кичево („Службен гласник на Општина Кичево бр.5/2013) и член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр.66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/21), како и врз основа на Законот за градење („Службен весник на РМ„ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен Весник на РСМ„ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23 и 224/2024) и член 6 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („Службен весник на РМ„ бр. 31/2011), Советот на Општина Кичево на 45-та седница одржана на --.02. 2025 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Кичево за 2025-2029 год.

## ВОВЕД

Советот на Општина Кичево ја донесува оваа Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја со цел зачувување и негување на историјата, историските и културните вредности на градот.

На територијата на Општина Кичево досега се изградени значителен број споменици, спомен бисти, спомен плочи. Во наследство на денешните генерации останува да се зачува споменот на значајни настани и истакнати личности од историјата и културата на граѓаните на општината на македонскиот народ. Со поставувањето на спомен обележјата ќе се изрази почит и грижа на граѓаните на општината кон значајните културни и историски настани и личности, ќе се зачува споменот на нивниот лик и дело. Преку уметничките и архитектонските дела поставени на јавни површини ќе се одбележи ваквата почит и грижа.

Со оваа Програма се утврдуваат приоритети кои Општина Кичево ќе ги опфати со одбележување на личности и дела на личности од значење за историјата и културата како и подигање на спомен обележја на подрачјето на општината.

Спомен обележјата се: бисти, скулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од историјата и културата на нашата држава и кои се од локално значење.

Спомен обележје може да подига општината, согласно со Законот за меморијални споменици и спомен обележјата (Сл.весник на РМ бр. 66/04, 89/08 и 152/15) и друг закон.

Правни и физички лица можат да дадат иницијатива до Советот на општината за подигање на спомен – обележје, како и да вложуваат средства за негово подигање.

## **ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Кичево кон значајни настани и личности

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовно наследство, настаните од овие датуми и личности кои во нив учествувале.

- Сочувување и афирмирање на историскиот идентитет на Општината Кичево

## **АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Кичево во одбележувањето на значајни настани и личности во општината ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одбележување на значајни настани и личности;

- Одбележување на значајни настани и личности кои и даваат посебно обележје на Општина Кичево со спомен-обележја;

- Остварување на продуктивна соработка со асоцијации, организации и фондови кои го реализираат и помагаат одбележувањето на овие датуми и личности.

## ПОДИГАЊЕ, ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

| Активности | Носители на активноста | Средства |
|---|---|---|
| Одржување на меморијалниот центар „Албанската мајка„ во село Зајас | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 60.000 ден. |
| Одржување на спомен костурницата на паднатите борци од НОБ во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 60.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Тане Цалески кај автобуската станица | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Мирко Милески кај средното училиште | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Наим Фрашери кај училиштето со с. Туин | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Ѓерѓ Кастриот Скендербег кај училиштето во с. Србица | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Одржување на споменикот на Д-р Владимир Полежиноски кај основното училиштето во градот под исто име | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на К. Ј. Питу кај основното училиштето во градот под исто име | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Фаик Коница кај училиштето во село Грешница | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Олга Мицеска кај детската градинка во градот | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 15.000 ден. |
| Одржување на споменикот на Христо Узунов кај училиштето во село Другово | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 10.000 ден. |
| Подигање на споменикот на Омер Калеши во Домот на Културата во Кичево | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 200.000 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Подигање на споменикот на Ѓерѓ Кастриоти Скендербег во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 300.000 ден. |
| Подигање на споменикот на Мајка Тереза во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 250.000 ден. |
| Подигање на споменикот на Мехмет Аќиф Ерсој во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 120.000 ден. |
| Подигање на споменикот на Борис Трајковски во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 250.000 ден. |
| Подигање на споменикот на Јусуф Аљбани во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 150.000 ден. |
| Подигање на споменикот на Сулејман Елези во Кичевското Кале | Општина Кичево во соработка со други здруженија/институции | 200.000 ден. |

Општина Кичево може да ја проширува оваа Програма и со спомен обележја по иницијатива на правни и физички лица во согласност со Законот за меморијални споменици и спомен обележја.

**ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на изградбата на спомен-обележјата како и трошоците за чување, одржување и заштита на спомен обележјата ќе се врши од средства на Буџетот на Општина Кичево, од Буџетот на Република Северна Македонија, од донации како и од други извори во согласност со закон.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Кичево, на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Кичево.

**РЕАЛИЗАЦИЈА**

За подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на секое спомен-обележје содржано во Програмата, Советот на Општината ќе донесе посебна одлука.

За секое спомен-обележје содржано во Програмата, односно за спроведување на постапката за негово подигање, Советот на Општина Кичево ќе именува Одбор за подигање на спомен-обележје. Составот и делокругот на Одборот се определува во актот за неговото именување.

Иницијатива за дополнување на оваа Програма за подигање на спомен-обележја како и вложување средства за нивно подигање можат да дадат правни и физички лица до Советот на Општина Кичево.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кичево“.

**Број 08-____/1** | **Совет на Општина Кичево**

**__.02.2025 год.** | **Претседател**

**Кичево** | **Скендер Џабири**